Приватна високообразовна установа - Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-397/1
31.08 2023 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - ЗВЕЊЕ ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ПВУ-ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА", СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-289/1 донесена на 18 седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, одржана на ден 15. 06. 2023 година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор во сите наставни звања од полето Економски науки 503, во областа на Меѓународна економија 50309 на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје.

Јавниот конкур за избор на наставник во сите наставни звања од полето 503 Економски науки во областа на Меѓународна економија 50309 беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 07.06.2023 година, и во предвидениот рок се пријави м-р Давид Салтамарски.

Членовите на рецензентската комисија, согласно член 172 од Законот за високо образование (Сл.Весник на РМ бр.82/18) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, а во врска со објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Меѓународна економија, врз основа на деталниот увид на приложената документација, на Наставничкиот совет му го поднесуваат следниот

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Давид Салтамарски е роден на 08.09.1994 година во Скопје. Во 2017 година дипломира на Факултетот за земјоделски науки и храна при УКИМ на смерот Агроекономика, при што се стекнува со титула Земјоделски инженер од областа на Агроекономика, со вкупно 245 ЕКТС - кредити и просечна оценка 8,51. Во 2020 година магистрира на Економскиот институт при УКИМ, при што станал магистер на економски науки од областа на Меѓународна економија, со вкупно 60 ЕКТС - кредити со просечна оценка 8,71. Во 2019 година остварил студиски престој на Карловиот универзитет во Прага. Во 2021 година, се запишува на докторски студии по Економија, при Еконoски факултет УКЛО каде и сеуште е докторант, а во периодот од февруари 2022 до март 2023 година престојува на Универзитетот во Ополе, Република Полска.

Својата професионална кариера ја започнува работејќи на проект за Јапонската меѓународна кооперативна агенција. Во период од септември 2019 до декември 2020 година работи како агроекономист во винарија Тиквеш - М6 групација. Краток период работи во консалтинг компанија и во август 2021 година се вработува на Факултетот за Бизнис економија каде останува до февруари 2022 година. Посетувал разни обуки и курсеви меѓу кои и студиска посета на Институт Руберт Шуман во Словачка и Унгарија како и Обуки од областа за функционирањето на европската унија во Виена и Брисел.

### 2. Научно истражувачка дејност (НИ)

***Меѓународно научни трудови:***

- WINE SECTOR ANALYZED THROUGH PESTLE ANALYSIS AS A PART OF THE STRATEGIC MANAGEMENT – Journal of Sustainable Development **Issue Year: 11/2021 ; Issue No: 27**

Скенирано со CamScanner

- WINE TRADE DYNAMICS OF NORTH MACEDONIA - XII International Conference on Economy, Business & Society in Digitalized Environment, Prilep, 2022 SERBE Journal

- *Меѓународно научни конференции*
  - XII International Conference on Economy, Business & Society in Digitalized Environment, Prilep, 2022

3. **Стручно-апликативна и организациски развојна дејност (САОР)**

**Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет му го даваме следниот**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишаниот јавен конкурс за избор во наставно звање од областа на Политички систем, може да констатира дека кандидатот м-р Давид Салтамарски ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје.

Рецензенската комисија може да констатира дека кандидатот м-р Давид Салтамарски го има потребниот просек на додипломски и постдипломски студии, има потребното искуство за избор во наставно звање предавач , има работно искуство во наставна и високообразовна дејност како и има објавено научни и стручни трудови, покажува интерес, капацитет и способност за наставно образовна и научно истражувачка активност, кои се потребни за извршување на работните обврски како предавач во областа на Политички систем.

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да го избере кандидатот д-р Никола Ѓоршоски во наставно звање предавач **од областа на Меѓународна економија** на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. Проф. д-р Шеќеринка Ивановска

Редовен Професор во пензија на Факултет за економски науки и организација на претприемништво, Меѓународен славјански универзитет

Скенирано со CamScanner

2. Проф. д-р Нада Петрушева

Редовен професор

______________________

3. д-р Бранка Денкова Поповска

предавач на ПВУ ВСШ Факултет за бизнис економија Скопје

______________________

Скенирано со CamScanner